**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија**
**одржана на 14 декември 1999 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала за седница со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на истата претседава господинот Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници.

Ја отворам Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Драган Митевски, Илија Ѓеоргиев, Васил Ефтимов, Васил Гаџовски и Стојан Попов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Вклучете го системот Ве молам.

Присутни се 81 пратеник, меѓутоа 73 го вклучиле системот, значи дека има мнозинство пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се:

Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Претседателот на Републичкиот судски совет.

Претседателот на Основниот суд во Охрид.

Записниците од 21-та, 23-та, 24-та, 26-та,28-та и 29-та седница на Собранието Ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од 21-та, 23-та, 24-та, 26-та, 28-та и 29-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на Закон за правата на претседател на Република Македонија по престанување на функцијата, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме?

За предлогот гласале 82 пратеника, 1 против и 3 воздржани.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме?

За Предлогот гласале 74 пратеника, 6 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесуваше на закон за изменување и дополнување на Законот за републички награди, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме?

За Предлогот гласале 65 пратеника, 5 воздржани и 17 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме?

70 пратеника гласале за, 2 воздржани и 9 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за приватизација на државниот капитал, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме?

69 пратеника гласале за, 10 воздржани и 6 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме?

71 пратеник гласале за, 5 против и 11 воздржани.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Предлагачот на законот, пратеникот Мерсел Биљали го повлече Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за лична карта, со Предлог на закон.

Како што Ви е познато Кочо Топузоски поднесе оставка на функцијата член на Државната изборна комисија.

Констатирам дека на Кочо Топузоски со поднесување на оставката му престанува функцијата, член на ДИК.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлуки за измени и дополнувања на одлуките за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

За основање на пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Романија, и за разрешување и именување на претставници на Републиката во Советот на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Свети Кирил и Методи" - Скопје.

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

Ве молам да гласаме.

70 пратеника гласале за, 8 воздржани и 9 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот:

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог за донесување на Закон за правата па претседател на Република Македонија по престанување на функцијата, со Предлог на закон;
2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за осигурување, со Предлог на закон;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик;
4. Предлог на Закон против ограничувањата на конкуренцијата;
5. Предлог на Закон против нелојалната конкуренција;
6. Предлог на Закон за детективската дејност;
7. Предлог на Закон за обезбедување на лица и имот;
8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за републичките награди, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за начинот и условите за користење на средства за исплата на испратнини по Договорот за кредит по Проектот за итна социјална помош на Република Македонија, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за издавање и тргување со хартии од вредност, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за прогласување на дел од Шар

Планина за национален парк, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за цивилни инвалиди од војната, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот за сеопфатна забрана на нуклеарните проби, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви животински и растителни видови, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на член 50 (а) од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за културна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за воздушен сообраќај, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот Федерален совет во техничка и финансиска соработка, со Предлог на закон;

27. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон;

28. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија за соработка на полето на здравјето на животните, со Предлог на закон;

29. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија за соработка во областа на заштитата на растенијата, со Предлог на закон;

30. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за надворешно-трговското работење, со Предлог на закон;

31. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно – трговско работење, со Предлог на закон.

32. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската и туристичката дејност;

33. Извештај од јавната дискусија по Нацртот на законот за спречување на корупцијата;

34. Барање за давање на автентично толкување на член 45 од Законот за ловство, поднесено од Ловечкото друштво "Еребица";

35. Предлог избор на судијата на Врховен суд на Република Македонија;

36. Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Битола;

37. Предлози за избор на судии на Основниот суд Скопје II – Скопје;

38. Предлози за избор на судии на Основниот суд во Битола;

39. Предлози за разрешување на судија поротник на Основниот суд во Охрид;

40. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за рехабилитација на слух, говор и глас" – Битола;

41. Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Романија;

42. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија;

43. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Стоматолошки факултет при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" – Скопје;

Господо пратеници, дали има предлог за изменување и дополнување на дневниот ред.

Има збор г-динот пратеник Чедомир Кралевски.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Предлагам денеска Собранието да го прошири дневниот ред со уште една точка, а тоа е Предлог одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата Гоце Делчев.

Материјалот по оваа точка ќе Ви биде доставен откако Комисијата за избор и именување ќе одржи седница на првата пауза на Парламентот и истиот ќе биде поделен на пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали има некој нешто во врска со Предлогот на претседателот на Комисијата за избор и именувања? (Нема).

Предлогот го ставам на гласање.

Молам, кој е за предлогот да го ставиме на дневен ред?

60 пратеника гласаа за, 4 воздржани и 21 против.

Според тоа констатирам дека се усвојува предлогот.

За збор се јави г-динот пратеник Андоновски Кирил.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Предлагам на оваа седница да не се расправа по точката 34 - барање за давање на автентично толкување на член 45 од Законот за ловство, поднесен од Ловечкото друштво "Еребица".

Ова го предлагам од причина што имаме некои нови сознанија во врска со овој предмет, па сакаме уште еднаш Комисијата да го разгледа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи предлогот се поставува на гласање, а го поставува претседателот на ЗКП, Ве молам со гласање да се изјасниме дали го прифаќаме предлогот или не.

Ве молам, да гласаме.

65 пратеника гласаа за, 8 воздржани и 11 против.

Констатирам дека се прифаќа предлогот точката 34 да се симне од дневниот ред за денешната седница.

За збор се јави пратеникот господин Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, предлагам, точката 16 од дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк да се повлече од дневниот ред од денешнава седница, бидејќи сметаме дека нема доволно аргументи, што се однесува до итноста на овој Предлог на закон.

Имаме некои забелешки за начинот на предлагањето. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Замир Дика побара оваа точка од дневниот ред да се повлече и да се разгледува, веројатно, на една од наредните седници.

Во тој случај, го ставам Предлогот на гласање и Ве молам да гласате.

49 пратеници се за тоа Предлогот да бе повлече, 8 се воздржани и 32 се против.

Според тоа, од денешнава седница го повлекуваме овој Предлог од расправа. Тоа е точката Т.6.

Господинот пратеник Зибери Насер побара збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Предлага точката 14, корегирајте ме ако не е по редослед таа, да се повлече Предлогот за донесување на закон за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари.

Сметам дека нема уставен основ за донесување на ваква Одлука и таа е спротивна на член 19 став 3, од Уставот на Република Македонија, согласно кој Македонската православна црква, другите верски заедници и религиозни групи се одделени од државата и тие се рамноправни пред законот.

Сметам дека евентуалното ставање на дневен ред на еден ваков закон и негово изгласување е спротивно на одредите на Уставот што ги спомнав.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го слушнавме предлогот и образложението на господинот пратеник Зибери Насер.

Го ставам предлогот на гласање.

За, се само 18 пратеници, 3 се воздржани, а 70 се против.

Според тоа, предлогот на пратеникот Насер Зибери не е прифатен и тој Предлог останува во дневниот ред.

Господинот пратеник Положани Азис побара збор.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, сакам да прашам, всушност едно објаснување од Ваша страна во врска со одложувањето на 26-тата

седница, каде што останаа некои точки недовршени, особено тие две, интерпелацијата на министрите и други некои точки, а со оглед на тоа што барем мене не ми е јасно зошто не продолжува таа седница, па после да се оди со ново закажаната седница? Или во оваа седница да се стават тие точки на дневен ред. Ако е можно да се објасни тоа и колку - толку да знаеме кога ќе биде тоа спроведено. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тие две одложени седници 25-тата и 26-тата ние ги закажавме.

Меѓутоа, по барање на одредени пратенички групи, а со оглед дека не беа завршени претседателските избори, рековме да ги одложиме. Една од тие седници, онаа што се однесува во врска со работата на Комисијата за јавни набавки, што имаме рок до кога треба да работи таа Комисија, а тоа е 31.12.1999 година, ние ќе мораме да се одлучиме да го поставиме тоа прашање наредната недела.

Што се однесува до седницата за која Вие кажувате, јас морам да извршам дополнителни консултации во текот на оваа недела, со шефовите на пратеничките групи и ќе оцениме кога таа седница ќе ја продолжиме. Се работи за следново:

Ако оваа седница денеска ја завршиме најдоцна до четврток, бидејќи утре ќе имаме свечена седница, во тој случај ќе имаме време и едната и другата седница да ги апсолвираме.

Но, да Ви кажам едно, на 28 и 29 овој месец, имам намера да закажам, особено на 28 декември, а ќе тече и на 29 да закажам седница само со една точка на дневен ред, а тоа ќе биде усвојување на Предлогот на Буџетот. Тоа е точка што сигурно ќе отвори голема расправа, ќе имаме многу амандмани, ќе имаме доста дискусии и што е најважно, материја што ја разгледуваат скоро сите 23 комисии. Ќе имаме интензивна комисиска расправа во наредните две недели.

Денеска Владата заседава, треба да до усвои и да ни го достави Буџетот. Јас, до вечер, ќе треба да закажам седница за 28 и 29 декември. Тоа значи, дека таа недела ќе ни биде исполнета со таа седница.

Но, стои Вашето прашање, на место е.

Јас ќе ги повикам шефовите на пратеничките групи, па до колку се тие способни да работиме и на комисиски, наредната недела и пратенички во Собранието, тогаш ќе го закажеме продолжението. За тоа не треба 14 дена. За тоа треба 2-3 дена само да се продолжи таа седница. Меѓутоа, стои дека е незавршена и треба да ја завршиме.

Тоа е образложението господине Положани.

Господинот Мерсел Биљали, побара збор.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Пред да кажам нешто во врска со дневниот ред, дозволете најпрво да изразам личен протест и револт поради, практично, суспендирање на Парламентот, односно Собранието на Република Македонија.

Веќе три месеци не работи оваа власт и не знам какви се тие аргументи со кои што може да се образложи, зошто ова Собрание не работело три месеци. Ако се причина претседателските избори, тука постои една нелогичност од причина што и ние самите избравме еден орган што нема ниту 5% важни државни овластувања во однос на тие овластувања што, според Уставот, ги има Собранието на Република Македонија. Сите други држави избираат сопствени органи, па и претседател на држава. Меѓутоа, ниту една од нив не постапила вака како ние постапивме. Дури, напротив, тие држави, до вчера тоталитаристички држави, одржуваат редовни неделни заседанија за да се хармонизираат со Европското законодавство, што е еден од битните услови за интеграција во процес.

Значи, практично тука имаме маргинализација на Собранието на РМ, претворање на ова тело на слуга на Владата, претварање на ова тело само во орган што ќе ги легитимира органите на Владата. Значи фактички апсолутната власт е кај Владата, а таму каде има апсолутна власт таму имаме и злоупотреби, корупција и т.н.

Но, што сакав да кажам за дневниот ред?

Како Собрание имаме заклучок по однос на состојбите во Македонската радио - телевизија и тогаш донесовме одлука, односно заклучок дека ќе расправаме пред нова година во врска со Извештајот на МРТ. Тој Извештај го нема.

Фактички имаме една информативна блокада, посебно, да не кажам дека нема на Македонски јазик, но посебно на Албански јазик и тоа дури не може и не треба да се вика информативна блокада или информативен мрак, туку информативен терор. Тоа е убиство на вистината, тоа е атентат на достоинството на граѓаните што, веројатно, со себе ќе повлече меѓународни реперкусии.

Предлагам, бидејќи објективно сега не сме во можност да дискутираме за ова прашање, предлагам Извештајот од МРТ да биде готов до првата идна седница, се разбира, пред Нова година. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

На господинот Мерсел Биљали би сакал да дадам само еден мал коментар, не би сакал одговор да дадам.

Пред да отпочне претседателската кампања, Претседателството на Собранието во, со учество на шефовите на парламентарните групи одлучивме додека трае претседателската кампања Собранието да не работи во смисла на пленарни седници како што е оваа. Комисиите да работат, работните тела да работат и т.н.

Потоа, кога сакав да закажам седница, имавме по барање на одредени пратенички групи и одлагање. Тоа е точно. Затоа се пролонгира повеќе од два месеци работата на седници на Собранието. Сметав дека е тоа одлука консултирана во рамките на пратеничките групи и дека кога доаѓаат шефовите на пратеничките групи, тие доаѓаат веројатно со став на пратеничка група. Јас го почитував тој став.

Што се однесува до вториот дел од Вашето прашање, во право сте, Извештај за работата на Македонската радио - телевизија, па јас мислам, денеска да заклучиме на наредната седница што ќе ја имаме, рековме некаде во октомври ќе го добиеме, но не го добивме до тогаш, да го побараме извештајот за работата на Македонската радио - телевизија во согласност со заклучокот што го донесе ова Собрание. Тогаш да го разгледуваме.

Ако нема ништо против Собранието, ќе го побараме Извештајот. Нема потреба да гласаме, имаме заклучок. Јас ќе го побарам од генералниот директор Извештајот и ќе гледаме на наредната седница да го добиеме.

Дали сте задоволен господине Биљали? (Да).

Господинот Карангелески Радомир, побара збор.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Би замолил, ако може, да добиеме извештај од Владата во врска со пререгистрацијата на сите стопански субјекти, бидејќи знаеме дека со измените и дополнувањата на Законот за трговските друштва, рокот за пререгистрација беше пролонгиран до 31 декември оваа година. Меѓутоа, да видиме и квантифициран и квалификуван извештај од Владата, бидејќи рокот се приближува, што тоа значи во смисла, доколку многу правни субјекти во државата не се пререгистрирани, да не влеземе во некоја замка околу работите што ги дискутиравме во Собранието, за дубиозата со долговите, односно со должничко - доверителните односи помеѓу тие субјекти.

Би замолил, во најкус можен рок, од Владата да се достави извештај како би знаеле дали да го пролонгираме или да остане истиот рок 31 декември 1999 година. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата дали се согласува да се подготви извештај, да видиме до каде е таа пререгистрација. Со оглед на фактот, ве потсетувам, дека тој Закон во два наврати го пролонгиравме, токму заради терминот, еднаш беше крајот на јуни, а потоа го оставивме до крајот на оваа година, состојбите не ги знаеме, па ако е можно една информација со предлог. Ако смета Владата дека нема да се наруши правниот систем и т.н., тогаш нека остане тој термин. Ако не, да видиме каква е состојбата, па евентуално со предлог и да го пролонгираме.

Еве, претставникот на Владата се согласи.

Значи, за наредната седница ќе добиеме една таква информација.

Господине Карангелески, задоволни сте? (Задоволен).

Господинот пратеник Бајрам Амди, побара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Би сакал да поставам прашање и добијам одговор до претседателот на Парламентот Саво Климовски, затоа што до Нова година, требаше од директорот на Македонската телевизија да имаме доставено Програма за сите националности. Тоа беше ветено дека до крајот на оваа година ќе биде доставено. Затоа што моментално најоштетена е Ромската националност, која седмично гледа само 45 минути телевизија, а претплатници се исто како секој граѓанин на Република Македонија. И директорот и Парламентот вети дека за националностите ќе се донесе специјална програма. Јас тоа не го гледам до крајот на годинава. Што е со тоа? Дали ќе биде доставено, Нема да биде доставено, сакаме да знаеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Бајрам Амди, сакам да Ви кажам следно, во Извештајот што господинот Мерсел Биљали го побара за работата на

МРТ, токму тоа беше едно од клучните прашања на кое што треба да се одговори, за застапеноста на програмата на националностите во Македонската телевизија. Сигурно дека ќе добиеме Извештај и Вашето прашање ќе биде одговорено во самиот Извештај. Посебен извештај нема да бараме. Во тој Извештај ќе биде кажано се.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Се кажа на таа седница ќе биде подготвена специјална програма за националностите и тоа итно го барам, да видиме дали ќе биде или нема да биде, затоа што дојде Нова година, а тоа се уште го нема.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се согласувам, и верувам дека во Извештајот тоа ќе биде кажано.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Шахиќ Алија, побара збор.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Почитуван претседателе, уште на 2.04.1999 година до Собранието на Република Македонија, Комисија за уставни прашања, поднесов едно барање, во Преамбулата на Уставот на Република Македонија, во која што се наведува дека Македонија е конституирана како национална држава на Македонскиот народ, во која се обезбедува целосна гаранција, рамноправност и трајно сожителство на Македонскиот народ, Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите националности. За жал, до денеска немам ништо, а јас барав во Преамбулата на Уставот на Република Македонија да бидат спомнати и Бошњаците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вашето прашање ќе го упатиме до Владата, како овластен предлагач и нека Владата се изјасни по тоа прашање.

Со оглед на тоа што Владата се има веќе изјаснето, Владата во минатиот состав, и има упатено до Уставната комисија при промените на Уставот кој што процес ќе го отвориме тогаш кога Владата ќе го покрене, во тој случај се изјасни Српската националност да биде составен дел во Преамбулата.

Нека го разгледа и ова Ваше барање, па Владата нека заземи став по ова прашање.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Според тоа, констатирам дека нема повеќе прашања и дискусии во врска со дневниот ред.

Ве молам да гласаме за предложениот дневен ред, со сите овие измени, точките да се одложат, односно отфрлат. Да не го читам повторно.

Ве молам да гласаме.

73 пратеници гласаа "за", 2 се "воздржани" и 2 гласаа "против".

Според тоа, констатирам дека Собранието го усвои предложениот дневен ред.

Минуваме на точката еден - Предлог за донесување на Закон за правата на претседател на Република Македонија, по престанување на функцијата со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за правата на претседател на Република Македонија по престанување на функцијата.

Ве молам да гласаме.

75 пратеници гласаа "за", 3 се "воздржани", а против нема ниту еден.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

78 пратеници гласаа "за", 1 е "воздржан", а против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Почитувани пратеници, во овој момент јас добив неколку амандмани во врска со овој Закон.

Со оглед на фактот дека тие воопшто не беа разгледани од ЗПК и другите, давам

половина час пауза да ги разгледаат, да се заземе став, да се умножат и да ги добиеме. (Пауза).

(По паузата седницата продолжи во 13,15 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го повикувам претседателот на Законодавно - правната комисија г-динот Кирил Андоновски, да го извести Собранието за одлуката на Комисијата.

Седницата се прекина за да се разгледаат амандманите во Законодавно - правната комисија.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Законодавно – правната комисија не се состана да ги разгледа амандманите на подносителите на Предлогот за донесување на Закон за правата на претседател на РМ по престанување на функцијата, со Предлог на закон, од причини што обично Законодавно - правната комисија гледа дали нешто се менува, а ги видовме амандманите дека во начело ништо не се менува.

И поради тоа сметаме дека само можат да ја разгледуваат надлежните комисии, бидејќи се работи од областа на финансиите.

Ако оцени Собранието повторно да гледаме, мислам дека ние можеме тоа да го разгледаме, меѓутоа нема потреба од разгледување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на ваквата состојба, ве молам да продолжиме со работа.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Да ве известам дека по законот има доставено два амандмани од Законодавно - правната комисија.

Првиот амандман се однесува на член 2, да се брише ставот 2, во член 2 ставот 4 за заменување на местата на членовите 5, 6, 7 и 8, член 6, член 10 за преформулирање на членот 11 и за додавање на нов член 12, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Поповски и Александар Гештаковски имаат поднесено амандмани на член 6 став 1, на член 9 и на член 11, по кои Владата не се произнела.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, по однос на Предлог Законот за правата на претседател на РМ по престанување на функцијата од ЗПК, поднесени се седум амандмани вкупно и од двајца пратеници од г-динот Никола Поповски и од г-динот Александар Гештаковски предложени се три амандмани па се произнесувам по истите.

Што се однесува до амандманите поднесени од ЗПК и амандманот I до амандман VII, значи за сите одеднаш за да не би излегувал повеќе пати, Владата ги прифаќа овие амандмани со една резерва во ова известување, по однос на амандманот VI став 2 кој соодветствува со еден од амандманите предложени од пратениците Никола Поповски и Александар Гештаковски. Доколку се прифати овој амандман VI на член 11 од ЗПК, тогаш реално ќе биде да не се прифати амандманот три од господата пратеници Никола Поповски и Александар Гештаковски. Се работи за обезбедување на средства во Буџетот на РМ за екс претседателот, во предложениот текст беше до 8% од средствата утврдени во Буџетот на РМ за актуелен претседател на РМ, а со амандманот 6 од ЗПК тоа конечно се определува да биде 8%. Што значи веќе дефинитивно се определува еден износ без можност за варирање.

Третиот амандман од господата патеници Никола Поповски и Александар Гештаковски тоа да биде 10%. Разликата помеѓу 8% и 10% не е голема, меѓутоа разликата е доста голема од првобитната определба од предложениот текст на закон до 8%.

Сега да се произнесам и по однос на двата други амандмана од г-дата пратеници Никола Поповски и Александар Гештаковски. Доколку ние имаме спремност од Владата да го прифатиме и едниот амандман од ЗПК на иста содржина и амандманот 3 од г-дата пратеници Никола Поповски и Александар Гештаковски. Ние се определивме да го прифатиме овој амандман од ЗПК и тоа со една консултација со заменикот министер за финансии, бидејќи Владата заседава, дека не се работи за голем износ на средства, бидејќи определбата беше до 8%, значи може да биде и 8% и тоа значи дека не би можеле да го прифатиме тој амандман 3 од г-дата пратеници Никола Поповски и Александар Гештаковски. Мислиме дека покрај сознанието дека ние го прифаќаме овој амандман од ЗПК ќе биде од прилика задоволено и инсистирањето со предложениот амандман III од овие двајца пратеници.

За амандманот I од г-дата пратеници Никола Поповски и Александар Гештаковски кој се однесува на членот 6 за едно решение предвидено во формулацијата на Законот за

да има екс претседателот најмногу три службеници, кои би му помагале во извршување на неговите активности.

Со предложениот амандман се инсистира да не се определи конечно во законот тој број, туку да има формулација "определен број на такви службеници". Јас во својство на претставник на Владата би бил спремен да го прифатам и овој амандман, меѓутоа не е дограден во смисла на понатамошно решение за извршување на оваа одредба во пракса. Наметнува едно друго решение, донесување на еден друг правен акт во смисла на некој подзаконски акт со кој би се определил тој број што ќе биде доста тешко да се најде субјектот кој го донел тој правен акт, со кој би се утврдил тој број на една таква систематизација. Но, сметаме дека сегашното решение задоволува, нема да има проблеми екс претседателот покрај тие тројца службеници по некогаш да побара и помош во остварување на одредени работи и активности од службата, која е на располагање која е во самото Собрание, или од другите институции. Сакам да кажам дека не би се прифатил овој амандман и не го прифаќаме.

Амандманот 2 кој се однесува на членот 9 го прифаќаме како логичен и кој е во функција на таа определба од Законот. Амандманот 3 реков дека не го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас би го замолил повторно претставникот на Владата да каже, дали амандманот II го прифаќа од ЗПК, или го условува па Собранието да одлучува со оглед на предлогот од г-динот Гештаковски и од г-динот Никола Поповски.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Сите амандмани од ЗПК ги прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тогаш ова е составен дел на Законот и кога ќе дојдат на ред амандманите на г-динот Никола Поповски и на Александар Гештаковски ќе расправаме и за тие два амандмани.

Во иднина ќе го замолам претставникот на Владата за да немаме забуни да говори за секој амандман посебно.

Констатирам дека овој текст е составен дел на предложениот закон и ќе минеме понатаму за амандманот II.

Амандман на член 4 поднесен од ЗПК.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И тој е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандман за заменување на местата на членовите 5, 6, 7 и 8 поднесени од ЗПК.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Се работи за преместување на една одредба во завршниот дел на Законот и природно е, може да се прифати.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И овие амандмани се составен дел на Законот.

Минуваме на амандман IV.

Отворам претрес по амандман на член 6 поднесен од ЗПК.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Првобитното решение во законот по однос на кој делува овој амандман, имаше една определба за период од три години тоа право на претседателот на кој му престанува функцијата.

Со овој амандман се предлага тој период од три години да се брише. Значи екс претседателот да може трајно да ги ужива овие права. Можеби ќе беше пологично да тоа се совпаѓа со периодот на мандат на еден претседател да биде не три години како што беше прво предложениот текст, да биде пет години. Меѓутоа, ЗПК доста расправаше по однос на ова прашање. Ја како претставник на Влада не успеав да најдам аргументи за поинакво решение во смисла на тоа да се определи до пет години и затоа по консултации се прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманите на г-дата Никола Поповски и Александар Гештаковски. По однос на амандманите на Никола Поповски и на Александар Гештаковски.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Пред малку се произнесов и го коментирав овој предложен амандман, во компарација со предложеното решение од предложениот текст на член 6, кој со веќе усвоениот амандман од ЗПК би станал член 5.

Формулацијата е следна: Претседателот на Републиката на кого му престанала функцијата има право на канцелариски простор и најмногу до три стручни лица за период до три години.

ЗПК предложи амандман кој го усвои да овие зборови "за период до три години", се бришат. Значи оваа екипираност од три стручни лица да може да биде за неопределен период. Сега е овој предложен амандман I од г-дата пратеници Никола Поповски и Александар Гештаковски се однесува на оваа бројка од три стручни лица за екипираност да се замени со "определен број на" кој по самата природа изискува да се донесе некој друг акт, со кој конкретно би се определил тој број.

Дали би бил еден, двајца, тројца, или петмина што значи е неопределено и отвора простор за до уредување на ова прашаше, а и цениме дека нема потреба, мислиме дека е доволна таа екипираност од три стручни лица, а држиме дека доколку еден екс претседател побара стручна помош од други стручни служби од Собранието, од претседателот, или од Владата, секако нема да му биде ускратена таа помош за дополнителен број стручни лица.

Затоа мислам не го прифаќаме овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Положани ќе отвориме расправа, бидејќи не го прифаќате.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, од пратениците Никола Поповски и Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратениците Никола Поповски и Александар Гештаковски на член 6 став 1, за кој сега се произнесе претставникот на Владата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека претставникот на Владата не го прифати амандманот, јас би ги повикал пратениците да гласаме за амандманот на член 6, со кој зборовите "најмногу до три стручни лица" се заменуваат со зборовите "определен број на стручни лица во кабинетот на поранешниот претседател на Републиката". И не го делам мислењето со Владата дека доколку не е фиксно напишано 2, 3, 4, или 5, туку само определен број на лица, тоа ќе значи дека е потребен дополнителен акт со кој ќе се уреди бројот на лицата, затоа што ние знаеме дека бројот на вработените во сите државни органи во овој случај вклучувајќи го и Кабинетот на поранешниот претседател и нивните плати се утврдуваат со Буџетот за наредната година секоја тековна година.

Што значи дека тука би имало простор Владата во договор со поранешниот претседател секоја година да води политика на определување на бројот на потребните лица и врз основа на тоа да го предвидува износот на средства во Буџетот во разделот за бруто плати на вработените во овој да го наречеме сега Кабинет и со тоа нема потреба од никаква дополнителна законска, или друга дејност. Едноставно Владата во Буџетот би предвидувала онолку колку што ќе постигне договор со претседателот на кој функцијата му престанала. И мислам дека како и за сите други државни органи кои на крајот од годината за наредната година поднесуваат пресметка до Министерството за финансии за износот на средства потребен за сите намени, вклучувајќи ги и платите на вработените во бруто износ, би била истата процедура и овде без потреба од дополнителни законски акти.

И сметам дека би била една добра волја од страна и на Владата и на Парламентот кон било кој поранешен претседател да му овозможи во една комуникација од овој вид да се договараат и да се определува во Буџетот, колку ќе биде бројот на стручните лица зависно од потребите и од годините.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повикувам да се гласа за овој амандман.

Во овој случај, кога предлагачот не бара некоја дискусија, освен ако некој од пратениците не одлучи да учествува во расправата, предлогот на амандманот го ставам на гласање.

Има збор г. Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, посебно сакам да укажам дека во сите вакви чувствителни закони што ги донесуваме во Собранието точно треба да се поставаат работите. Кога станува збор за определен број, апсолутно сум против тоа, затоа што ние сме навикнати по некој бирократски однос, ако кажеме определен број или незначителен број итн., неодредени зборови и реченици, ние можеме да си ги толкуваме слободно.

Затоа мораме да ставиме точно и сум за предлогот на Владата - до три службеници, Собранието има службеници, има доволен број службеници во Република Македонија од сите области да се консултираат со идниот претседател кога ќе му помине мандатот и според тоа, сум строго и во другите закони што ќе ги носиме, доколку е можно, секогаш да бидеме точни, јасни и конкретни за да нема двосмислено значење и да можеме да правиме бирократски елементи.

Инсистирам ова да го прифатиме како предлог на Владата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Мислам дека не треба со емоции да разговараме за едно прашање, кога уредуваме една област што прв пат ја уредуваме и тоа ќе важи за сите идни претседатели. Значи, не се работи за досегашниот претседател туку институцијата претседател на Република Македонија.

Во многу земји тие имаат многу поголеми права и погодности отколку што е со нашиот закон. Значи, во секоја држава постои една традиција на почитување и активности на кои се подложени поранешните претседатели.

Затоа, останууваме на нашиот предлог, односно предлогот кој ви беше даден со амандманот да не се фиксира, бидејќи секој поранешен претседател има многу активности во сите земји, тие се повикуваат на разни собири, симпозиуми, држат предавања да речеме и сигурно дека има потреба од еден мал апарат. Сигурно, тоа не би бил голем апарат. Меѓутоа, определен број кој со договор би се постигнал и тоа е еден начин на почитување спрема секоја држава тие претседатели да имаат некаква активност и после завршувањето на мандатот, со оглед на искуството што го имаат во соодветната држава или во регионот во кој припаѓаат. Тоа беа аргументите зошто баравме да не се фиксира на бројката три. Бројката пет можеби е по реална, меѓутоа, сакам да кажам да разговараме порационално за ова прашање.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Јас ги разбирам моите познаници од спротивната страна, и ги разбирам за одредени прашања и проблеми што сакаат да ги наметнат, меѓутоа, треба да сфатиме една состојба. Ние не сме една Америка, ние не сме една голема двеста милионска држава и со голем потенцијал и буџетски средства. Сепак, сите законски решенија што ги донесуваме во поглед на зголемување на администрацијата итн., треба строго да водиме сметка и за тоа. Дај боже, би бил пресреќен кога да речеме претседателот на кој му завршил мандатот како претседател на Република Македонија да има уште поголема екипираност, да има уште поголеми обврски.

Меѓутоа, таа е Македонија и ние мора да се движиме во тие рамки што ги има оваа сиромашна земја и да не одиме секогаш со претерувања и со правења на бирократски структури. Ако стои значителен број или повеќе членови, тогаш ќе може тоа да се толкува и десет и петнаесет и да се стаат по фамилијарна линија и по некои заслуги и по незнам каква линија луѓе.

Затоа, сум строго за тоа, за почеток е доволно решение да бидат три. Понатаму кога Македонија ќе оди напред, ние можеме овој закон да го измениме со амандмани и да го дополниме и може тој број да се зголемува.

Мислам дека тоа е многу рационално и паметно и затоа инсистирам да се прифати предлогот на Владата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не се јавува за збор го заклучувам претресот по предлогот на амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 72 пратеници, од кои 18 пратеници гласале 'за", 1 пратеник е воздржан и 53 пратеници се "против".

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе во однос на амандманот на член 9, поднесен од пратениците Никола Поповски и Александар Гештаковски, а за ова генерално веќе кажа нешто.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Амандманот на членот 9, поднесен од пратениците Никола Поповски и Александар Гештаковски се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека амандманот се прифаќа, констатирам дека тој е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од Законодавно - правната комисија, инаку амандманот е под број пет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи амандманот се прифаќа, тој станува составен дел на законот.

Амандман VI - отворам претрес по амандманот за преформулирање на членот 11, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е во состав на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11, поднесен од пратениците Никола Поповска и Александар Гештаковски.

Инаку, тој е поднесен како нивен амандман број три.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Од причините кои ги изнесов пред малку, амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека претставникот на Владата не го прифати овој амандман, отворам претрес по овој амандман.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, од кои 17 пратеници гласале "за", двајца пратеници се воздржани и 54 пратеници се "против".

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член, поднесен од Законодавно - правната комисија под број седум.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

И овој амандман од Законодавно - правната комисија, кој се однесува на дополнување со една одредба на членот 11, се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека амандманот се прифати, констатирам дека е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на закон и законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, од кои 74 пратеници гласале "за" двајца пратеници се воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за правата на претседател на Република Македонија по престанување на функцијата.

Преминуваме на втората точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собрание Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за осигурување.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, од кои 62 пратеници гласале "за", 9 пратеници се воздржани и ниеден пратеник не е против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

По вашиот предлог дали може да се расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

По заклучок барате претрес?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Вие предлагате заклучок на Собранието.

По тој заклучок дали отворате претрес?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Нема што да се отвора.

Заклучокот го изгласавме.

Сега што по него да отвораме претрес?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Барам збор.

Господин потпретседател, Вие сега дадовте предлог на Собранието да одлучи дали на оваа седница да се гледа и предлогот

на законот, со оглед дека за овој предлог како пратеничка група имаме спротивно мислење, бараме да се отвори расправа дали на оваа седница да го гледаме Предлогот на законот, да расправаме за тоа и да одлучиме. Тоа го бараме.

Ако деловнички нема можност тогаш вред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега отвораме општ претрес, ќе дојде на ред, зошто да дискутирате за заклучокот кога се усвојува.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Собранието го донесе Предлогот за донесување на закон, сега вие давате предлог заклучок до Собранието на истата седница да се разгледува и Предлогот на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да, гласавме и го усвоивме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Пред да гласаме прашувам дали согласно деловникот може да има расправа, дали на оваа седница треба или не треба да се гледа и Предлогот на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Може.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ако може, добро, но ако не може деловнички, исто така добро.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Може. Ние гласавме, сега викате не сме гласале.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Добро, нека биде после. Сега се повлекувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон - пак прашувам.

Прашав дали некој се јавува за збор, никој не се јави за збор и заради тоа го ставив на гласање.

Ве молам сега да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 56 пратеници гласале "за", 1 пратеник е воздржан и 13 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници и членови на Владата, пратеничката група на СДСМ предлага Собранието да не го донесе денес Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за осигурување и да го врати на Владата на разгледување повторно, а на една од наредните седници Владата да достави Предлог на закон, со цел во меѓувреме од страна на Владата да добиеме по соодветни показатели и дополнителни информации во врска со состојбата во сферата на осигурувањето во Македонија, во врска со намерите на Владата за политиката, што сака да ја води во врска со овој закон и исто така да даде некои од ветувањата на Владата за следните прашања, кои произлегуваат од законот.

Имено, до сега во сферата на осигурувањето во Македонија дозволеното учество на странски правни и физички лица во сопственост на осигурителните компании или како што овде се нарекуваат друштва, беше дозволено до 49%, што значи не беше дозволено странско учество на контролен пакет од 51%.

Со овој закон се утврдува дека е можно странско учество со 65% и со одредени процедури да се зголеми и до 80%. Меѓутоа, она што со законот и понатаму останува недоволно јасно или недоволно прецизирано, е зошто и понатаму во Македонија е невозможно да се отвораат претставништва или филијали на странски осигурителни компании. Имено, еден од мотивите на овој закон што сега е на дневен ред, по образложението на Владата кое стои во текстот на законот е да се демонополизира состојбата со осигурувањето во Македонија и да се овозможи полесно влијание на конкуренцијата, сметаме дека со оглед на фактот дека во Македонија сферата на осигурувањето околу 80% до 90%, според податоците со кои ние располагаме, се одвива од страна на една компанија во Република Македонија, тоа значи дека степенот на монополизираноста е веќе огромен.

Овозможување на влез на странски капитал е процес кон демонополизација и зајакнување на дел од осигурителните компании, меѓутоа со оглед дека овој Закон овозможува странска фирма, физичко или правно лице да откупи осигурителна компанија со право до 65% од акцизите со право на управување, па останува отворено прашањето дека доколку некој ја откупи

фирмата која регулира веќе 80 до 90% од осигурителниот пазар, практично на долг рок ќе ја бетонира монополската позиција на осигурувањето во Република Македонија, во услови кога Законот и понатаму не дозволува странски филијали, филијали на странски осигурителни компании во Македонија.

Мислиме дека е тоа едно од отворените прашања, за кое овој Закон треба и понатаму да се разгледа и да се даде по соодветен одговор, зошто може странски лица да купуваат осигурителни компании во Македонија, или да основаат или да ги регистрираат, меѓутоа не можат да го конкурираат пазарот на осигурување со свои филијали.

Само да потсетиме дека во една слична област, а тоа е банкарството, која со осигурувањето има допирни точки во обемот на финансиите и трансакциите со кои се соочува ова е дозволено. Значи, во Македонија е дозволено филијали на странски банки да ги вршат сите банкарски работи, меѓутоа за осигурителните компании тоа не се дозволува.

Тоа е едно отворено прашање за кое ние мислиме дека треба уште малку да се разговара и да се дозволи во наредната фаза и со Владата и со пратениците да се направат соодветни договори.

Второто за што истото така сметаме дека овој Закон прави еден крупен чекор, за кој сеуште треба да се размисли во оваа фаза е намалувањето на цензусот за основање на осигурително друштво во Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Сега цензусите со овој Закон се трипати помали отколку претходниот закон што го уредуваше тоа, што значи поединечно е тоа по милион ипол против вредност од милион ипол марки во секоја од осигурителните или во одреден случај на осигурителните дејствија за имоти и лица и два милиони за реосигурување, тоа се бројки кои кумулативно се многу помали од оние кои важат во овој момент. Значи, во овој момент е за сите осигурителни работи во Македонија, доколку некоја од компаниите сака да регистрира и има цензус од 14,1 милион марки основачки капитал. Со овој Закон тој основачки капитал се намалува за трипати и изнесува 5,1 милион марки.

Оваа држава помина веќе низ едно горко искуство во врска со намалувањето и недоволноста во основачкиот капитал во други финансиски институции, на пример банките и затоа донесовме Закон кој е уште на сила и кој оди во сосема спротивна насока од овој Закон. Имено, на сила е Закон според кој основачкиот капитал на банките и на штедилниците, како и на другите институции кои се бават со финансирање и кредитирање, постапно до 2001 година мора да се зголемува за да се обезбеди зголемениот основачки капитал, за да може да се бават со вакви финансиски трансакции.

Спротивно на оваа концепција Законот за осигурување не оди да го задржи постојниот цензус, туку оди да го намали за трикратно во однос на постојниот, што значи наспроти ова го дозволува влезот на пазарот на осигурување во Македонија со многу помал цензус вкупно, или поединечно во границите помеѓу 1,5 и два милиони марки за одредени осигурителни дејствија, или дејности, како тие се викаат.

Сметаме дека осигурувањето исто така е една од дејностите со интересен пазар, меѓутоа и со обврска за поголема сигурност на оние кои се осигуруваат и затоа овие цензуси сметаме дека уште еднаш треба да се преиспитаат.

Она што предизвикува, исто така, кај нас внимание и за што би сакале во втората фаза од Законот да добиеме најава од страна на Владата е промената во врска со член 10, кој сега со член 5 се менува. Ќе дозволите да кажам дека предвидува за осигурување од ризици што претставуваат општа опасност за добрата од општ интерес за РМ и за државниот имот и за ризици што загрозуваат трети лица и имоти на трети лица, како и за осигурување од нематеријални ризици, РМ може да основа акционерско друштво за осигурување во државна сопственост.

Значи, ова се ризиците кои се толкуваат, така наречено задолжително осигурување со кое Владата најавува можност дека ќе формира акционерски друштво за осигурување во државна сопственост, меѓутоа во Законот е најавено како можност. Она што нас не интересира е во една од нивните фази да дознаеме, дали Владата всушност како политика која согласно овој Закон нејзе и се доверува ќе прибегне кон инструментот со членот 10, кој е сега променет, а тоа е да основа акционерско друштво за осигурување од задолжителни ризици во државна сопственост.

Мислиме дека тоа е еден од битните политички инструменти, кој може да произлезе и за кој треба да имаме извесност кога го носиме овој Закон, затоа што според нашите информации, кои вчера и ни се потврдија на некој начин од претставници на Министерството за финансии, во расправата

беше дека токму овие задолжителни видови на осигурување во овој момент се целосно концентрирани во едно осигурително друштво во Македонија, во една осигурителна компанија и дека степенот на монополизација овде е исто така огромен.

Едно од прашањата кое ние како пратеничка група би сакале врз основа на овој Закон исто така да го имаме како информација, пред да го донесеме Законот е, дали Владата има информации дали во овој момент некоја странска осигурителна компанија или странско физичко или правно лице прави ефективни договори со која било домашна осигурителна компанија за купување на поголем број на акции од 51%. Значи, дали ова дозволување од 65% со право на управување од акциите на домашните осигурителни друштва ќе остане слово на хартија, или всушност ќе оди во насока на реализација на некои од договорите кои веќе се склучуваат. Мислиме дека согласно надлежностите Владата треба да има информации и треба да ги презентира пред пратениците во наредната фаза, дали некоја од осигурителните компании во овој момент остварува договори, преговори и разговори со странски физички или правни лица за продажба на контролен пакет на акции на домашна осигурителна компанија, што како можност се најавува во Законот.

Ова се поголем број на прашања кои се отворени и за кои сметаме дека треба во догледен период да се разговара и во Собранието, и во јавноста и помеѓу пратениците со цел да оцениме дали цензусот, дали основачкиот капитал, дали има најави, што тоа би значело, дали Владата мисли да основа акционерско друштво за осигурување во државна сопственост. Значи сите овие најави на оваа политика да ги имаме предвид при носење на ваквиот закон за да не се случи после донесувањето на законот, да бидеме затечени од некаква политика на Владата, која во овој момент, за жал, не ни е најавена, или не е документиран, во која насока се одвивало. Се разбира дека овој пазар е еден од интересните финансиски пазари во секоја држава.

Од овие причини сметаме дека со сите забелешки кои се дадени од Комисиите, овој Закон треба да се врати во Владата и наместо денес да се донесе како Предлог на закон, да ја задолжиме Владата на една од наредните седници да го достави во оваа фаза, а во меѓувреме да ги проучи сите забелешки од Комисиите и надлежните тела и расправата во Собранието и да излезе со своe видување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сметам дека претставникот на Владата треба да се произнесе по овие предлози на опозицијата.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата сепак останува на својот предлог да се изврши претрес на понудениот закон и по можност да се донесе.

Владата во процесот на подготовка на овој текст за изменување на Законот за осигурување ги имаше предвид сите овие околности, меѓутоа исто така морам да кажам дека се работи за надминување на некои тековни проблеми, актуелни проблеми, кои што не можат поинаку да се надминат освен со изменување на овој Закон.

За информирање на пратениците да кажам дека во Министерството за финансии, односно Владата веќе се размислува за изготвување на еден сосема нов закон што ќе ја регулира оваа материја.

Значи Владата останува на својот предлог.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед на ваквиот став на Владата пратеничката група на СДСМ, не е во можност да гласа за овој Предлог на закон, имајќи предвид дека степенот на монополизираноста на осигурителната дејност во Македонија е огромна, се движи некаде до 90% од страна на едно трговско друштво, дека е можно по пат на овој закон тоа трговско друштво за осигурување да биде откупено од странско физичко или правно лице, со оглед на не искажувањето спремност од страна на Владате да се формира акционерско друштво во државна сопственост за осигурување од задолжителните ризици по овој Закон и со оглед на степенот на монополизацијата која може да настане во Македонија после ваков закон, со откупување на оваа фирма со неможност странска компанија да отвори филијала за осигурување во РМ, а со таков степен на монополизација сметаме дека, овој Закон со една политика на Владата, која очигледно е неизвесна во овој домен, може да доведе до сериозна монополска положба на осигурувањето во РМ на долг рок и затоа не можеме да го гласаме овој Закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа дека никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 точка 2 и на став 3 и на член 7 став 2 точка 2.

Член 4 став 1 и за менување на став 2.

Член 13, член 22 став 1, за преформулација на член 25 и за менување на член 28. Член 30 и на член 32.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 2 став 1 и за додавање на член 31-а.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 точка 2 и на став 3 и на член 7 став 2 точка 2, поднесени од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот ќе биде составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 и за менување на став 2, поднесени од ЗПК.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13, поднесен од ЗПК, со кој се согласи повереникот.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1, поднесен од ЗПК.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот за преформулирање на член 25, поднесен од ЗПК.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИОСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 28, поднесен од ЗПК.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор?

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Се согласувам со претставникот на Владата.

Овој амандман може да отпадне, иако има елементи кои држат за овој амандман, меѓутоа направен е превид во делот на амандманот.

**ТОМСИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го повлекувате ли?

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Да, го повлекуваме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот 30 поднесен од ЗПК.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека Владата го прифаќа и овој амандман, истиот е составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 31-а, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека Владата го прифаќа амандманот, истиот е составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 32, поднесен од ЗПК.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Сакам да укажам на процедурата. Ако вака продолжи седни-цата ние не ќе знаеме што носиме и зошто носиме.

Прво, претставникот на Владата ги прифати сите амандмани па се врати на поединечни, што е против процедура.

Претставникот на Комисијата без да ја свика комисијата, има два начина, или да ја свика Комисијата, или за тој амандман треба да се гласа. Не може тој во лично име да одлучува за ставот на Комисијата. И преку тоа се помина.

Ве молам, нека се проучи подобро Деловникот за да може да работиме според правилата кои се предвидени за овој Законодавен дом. Ако некој сега земе да проучува како работи Парламентот не знам што ќе испадне од тој текст. Инсистирам да се почитуваат правилата, односно Деловникот и деловничкото работење. Ова не ни е прва седница. Досега некој луѓе веројатно можеа да се научат како се одвива процедурата на усвојување на закони, амандмани итн.

Никола Поповски, првиот пат не сакавме да правиме проблеми се јави едноставно околу ставот дали на денешната седница да се донесе законот и за тоа има право да се дебатира.

Ве молам, или да направиме пауза после оваа точка, малку да се консултираат и претставниците на Владата и претседателите на комисиите и тој што ја води седницата за да можеме да работиме како што треба.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не сакам никого да учам, дали знае или не знае, меѓутоа претседателите на работните тела ги претставуваат телата и говорат во име на телото, а не во свое име. Тоа е едниот дел.

Вториот дел, штом ќе се заклучи претресот јавување после него не оди на познавање и непознавање на правилата, туку оди на злоупотреба од нечија страна на правилата за игра.

Да не одиме во расправа околу тоа, јас сметам дека е идеално се.

За збор се јави г-динот Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Должен сум како претседател на Комисијата да кажам дека се работи за превид и е направена грешка. Не се работи за суштински амандман, затоа што и да ја консултирам Комисијата до истата констатација ќе дојдеме.

Се работи за следното: Член 28 се менува и гласи: "дел шести - трговски книги и годишен извештај, насловите и членовите од 84 до 93 се бришат".

Превид е направен во овој дел – "делот шести - Трговски книги и Годишен извештај и насловите", заради тоа што има членови на кои не можеме да ги избришеме насловите, а за кои постојат членови. Меѓутоа, веќе беше во процедура ставен Извештајот од Комисијата и затоа на ваков начин реагираме.

Мислам дека и формално нема нешто суштински што Комисијата би можела да измени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Само сакав да укажам, после повторното јавување на колегата Андоновски, во врска со било која точка од дневниот ред, по која што расправаат комисии, комисијата определува известител за пленарната седница. Никаде не стои дека претседателот на комисијата мора да биде известител и тоа е добра пракса што комисиите многу често, по различни точки овластуваат различен известите.

Меѓутоа, известителот не е овластен на пленарната седница да менува или да повлекува, како што е во овој случај, дел од амандманите што со мнозинство на гласови се утврдени на седницата на комисијата. Или, со оглед на тоа што веќе комисијата го утврдила амандманот, треба повторно да се состане и известителот да биде овластен од името на комисијата да го повлече амандманот. Или, оваа ситуација, известителот само може да го информира Собранието околу тоа, на база на какви аргументи е донесен еден таков амандман и ако се отвори расправа, и како известител на комисијата која што утврдила таков амандман го брани амандманот со аргументи и да дава одговор на сите отворени прашања овде на пленарната седница. Тој не може да го повлече и не може претседателот на Законодавно - правната комисија, кој во овој случај е известител или било кој друг известител за амандман донесен на комисијата да се согласи со претставникот на

Владата, кој не го прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тука навистина е и претседател е и известител. По овластувањата, по општите правила на полномошно и овластувања, ако нема ограничувања, сите други работи се дозволени. Тоа е начело во правото г. Ханџиски и тука не треба да се уверуваме. Само ограничувањата се бележат. Ако е општо, сите права се на негова страна.

Да ја оставиме теоријата на друга страна.

За збор се јави г. Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Се јавувам за збор заради почитување на Деловникот.

Сметам дека, без оглед дали член или претседател на соодветна комисија е известител, не се работи за содржината, се работи за формата - почитување на Деловникот.

Од оваа ситуација имаме два излези, или Собранието да се произнесе по амандманот, бидејќи претставникот на Владата не го прифати или да се свика седница на комисијата и да се произнесе слично како што претходниот дискутант кажа. Меѓутоа, не е во прашање содржината. Сите се согласуваме.

Сметам дека е подобро да го ставите на гласање пред Собранието, бидејќи амандманот не е спорен, за да ја надминеме оваа ситуација. Не може еден член, без оглед дали е претседател во име на комисијата, образложувањето за известител, е за да ги образложи оние заклучоци што се донесени на комисијата. Меѓутоа, сега имаме различен став од тоа што е напишано во формалниот документ. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот Андоновски Кирил.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Се јавувам уште 9днаш и веќе завршувам.

Формално, да го ставиме на гласање. И, ако се усвои, дали тоа значи дека треба да се брише она што не смее да се брише, ги прашувам овие дискутанти?

Бидејќи реков дека овде не се работи за суштина, туку се работи за превид што не смее да се брише во законот, бидејќи постои.

Сега, јас како претседател и известител тоа го укажувам. Мислам дека треба да го прифатите. Не се работи за никакви измени со кои што треба да се согласи или не согласи претставник на Владата. А, најмалку, ако го изгласаме па треба да поднесуваме амандман да се усвои.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на ваквата положба, да немаме спорни прашања, дали ќе се гласа или нема да се гласа, дали имаме некој овластување или нема, ќе го ставам овој амандман на гласање.

А, за значењето на овластувањето и Деловникот да разговараме на друго место.

Ве молам, да гласаме.

Гласаа вкупно 62 пратеници, од кои 7 се за, 4 воздржани, а 51 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Остана најавата заради тоа што сметав да земам збор пред да се јави колегата Карангелески.

Со оглед на тоа што тој го кажа така и постапивме, ја почитуваме процедурата, се повлекувам. Јавувањето остана од тогаш.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и законот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласаа 62 пратеници, за гласаа 60,1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за осигурување.

Минуваме на точката три - Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлог на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани за менување на член 22, за менување на член 23 и на член 44 со кој се согласил повереникот, претставникот на Владата. Тие се составен дел на Предлогот на

законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласаа 67 пратеници, за гласаа 67, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

Минуваме на точка 4 - Предлог на Закон против ограничувањата на конкуренцијата

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 и 3, на член 12 став 4, на член 13 став 2, на член 25 став 1 точка 2 и на став 2, на член 28 став 9 точка 2, на член 33 став 2, на член 47 став 1 точка 3 и на член 83 став 1, на член 51 став 1 точка 2 и став 4, на член 52 став 1, на член 54 за менување на став 2, на член 57 став 1, на член 77 став 5 точка 1, на член 79 точка 1 став 2 и став 5, на член 85 став 1 точка 4, на член 86 и на член 87, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес во текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 69 пратеници, од кои 69 за, а воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот против ограничувањата на конкуренцијата.

Минуваме на точката 5 - Предлог на Закон против нелојалната конкуренција.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 2, на насловот по член 3 во насловот по член 4 и на член 4 став 1 точка 2, на член 10 став 1 и точка 2, став 2, 3, 6 и 7, за менување на насловот после членот 15, на член 18 став 3 и на член 22, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласаа вкупно 71 пратеник. За гласаа 71 пратеник, а воздржан и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот против нелојалната конкуренција.

Минуваме на точката 6 - Предлог на Закон за детективска дејност.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 24 став 1 и став 2, на член 25 став 2 и на член 26 точка 6, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 26 став 1 точка 2 и точка 6. Со дел од овој амандман што се однесува на точката 6 претставникот на Владата на седницата на Законодавно - правната комисија се согласил и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 точка 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана, тоа е оној дел каде до крај не се произнел претставникот на Владата.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе?

Претставникот на Владата се согласува, па тогаш и овој амандман е во состав на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници. Сите пратеници гласаа за, воздржани и против нема.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за детективска дејност.

Минуваме на точка 7 - Предлог на Закон за обезбедување на лица и имот.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 9 став 3, член 10 став 2, член 23 за преформулирање на став 2, за преформулирање на член 26 и член 32 став 3, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 12 став 1, за кој немаме став на Владата.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Владата го прифати амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Се согласувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи претставникот на Владата се согласил и овој амандман е составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Со оглед на тоа што во салата имаме помалку од 61 пратеник.

Ќе ги повикаме тие што се надвор од салата.

Ги повикувам колегите да влезат во салата.

(Предлагам пауза до 15,30 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,40 часот).

Со седницата продолжи да раководи Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме кворум, 70 пратеници се присутни во салата.

Според тоа нам ни остана да го повториме гласањето, бидејќи немавме кворум пред паузата, гласањето во врска со Законот за обезбедување на имот и лица.

Претресот по текстот на Предлогот на законот го затворивме, го завршивме и Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласаа за, 2 се воздржани и 1 против.

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за обезбедување на лица и имот.

Господинот пратеник пред да преминеме на точката 8 побара збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа што еден голем значителен број на пратеници постат, сме во месец Рамазан, а сега во 16,10 часот ние ќе бидеме приморани да ја напуштиме седницата, би Ве замолиле ако може да ја одложиме седницата, а во четврток да почнеме на време во 10,00 часот, за да можеме да продолжиме по останатите точки.

Ние ќе бидеме приморани сега уште малку да ја напуштиме седницата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас го уважувам верското чувство и барањето на Пратеничката група на ПДП, веројатно се согласува и Демократската партија на Албанците.

Во тој случај дали се согласувате да продолжиме со останатите точки од дневниот ред во четврток, но да продолжиме во 10,00 часот.

Утрешната седница ќе има свечен карактер.

Јас ќе бидам отсутен и има една друга програма која што треба да оди.

Јас мислам утре да не држиме продолжение на седницата, но затоа пак другите два дена четврток и петок да почнуваме со работа во 10,00 часот и на тој начин да можеме да ја завршиме седницата.

Според тоа предлагам денеска да ја прекинеме седницата и да продолжиме со работа во четврток со почеток во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 15,50 часот).